АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА
НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

# СТРАТЕГИЈА

—

за спроведување
на правото за **заштита**
**на личните податоци**
во Република
Северна Македонија
за периодот 2025-2030



# СТРАТЕГИЈА

## за спроведување на правото за **заштита на личните податоци** во Република Северна Македонија за периодот 2025-2030

Стратегијата е изработена со поддршка на инструментот ТАИЕКС на Европската унија.
Печатењето на Стратегијата е финансирано од ЕУ проектот „Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн просторот“. Содржината на Стратегијата е единствена одговорност на Агенцијата за заштита на личните податоци и не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

# Содржина

1. ПРЕДГОВОР....7

2. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2025-2030)....10

3. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ....11

3.1. Стратешка цел 1 – Целосна самостојност и независност на АЗЛП....11

3.2. Стратешка цел 2 – Хармонизација на легислативата....13

3.3. Стратешка цел 3 – Континуирано зголемување на културата за заштита на личните податоци....14

3.4. Стратешка цел 4 – Спроведување на алатките за одговорност....17

4. СТРАТЕШКА МАПА ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2030....19

5. СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА НАПРЕДОКОТ НА СТРАТЕГИЈАТА....20

5.1. Предложен начин на следење на спроведувањето на Стратегијата....20

5.2. Предложен систем на КИУ....21

# ЛИСТА НА СКРАТЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| АЗЛП | Агенција за заштита на личните податоци |
| ОЗЛП | Офицер за заштита на личните податоци |
| ОРЗП | Општа регулатива за заштита на податоци |
| ЗЗЛП | Закон за заштита на личните податоци |
| КИУ | Клучен индикатор за успешност |
| ВИ | Вештачка интелигенција |
| ЕУ | Европска Унија |

# 1. ПРЕДГОВОР

Овој документ е трет стратешки документ за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија и е изработен со цел да ги изразува потребите и согледувањата на засегнатите страни, законодавството во кое егзистира, тековната состојба на заштитата на личните податоци и идните предизвици во оваа област, сè во контекст на еден комплетен и модерен пристап кон заштита на приватноста и на личните податоци во периодот од 2025 до 2030 година. Во свет каде што вредноста и обемот на податоци растат експоненцијално, заштитата на приватноста и на личните податоци е значајна тема и потенцијален извор на конкурентна предност. АЗЛП мора да дејствува во контекстот на постојаната дигитализација, идентификувајќи ги трендовите во обработката на личните податоци и ризиците што тоа ги носи за заштитата на личните податоци.

Стратегијата за спроведување на правото за заштита на личните податоци за периодот 2025-2030 година се изработува со експертска помош од Европската комисија, преку која беа организирани и консултации со претставници од јавниот и приватниот сектор и од здруженија на граѓани. Соработката беше од голема корист за АЗЛП бидејќи заштитата на приватноста и на личните податоци навлегува во сите области на приватниот и јавниот живот и не застанува на границите на Република Северна Македонија. За таа цел беше одржана работилница на која беа собрани дополнителни информации од различни засегнати страни со претставници од општини, банки, телекомуникациски оператори, адвокатски друштва, државни институции, трговски друштва и др., на која беа разгледани прашањата што се однесуваат на глобалните трендови и локалните предизвици кои влијаат врз заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија. Информациите од овие средби и работилници беа искористени во развивањето на новите стратешки цели, мисијата, визијата и вредностите на АЗЛП.

Во тој контекст треба да се нагласи дека е зголемена свеста за заштитата на личните податоци кај контролорите и граѓаните преку ЗЗЛП, кој воведе опсежни и превентивни механизми за имплементација кои ги транспонираат стандардите на ОРЗП. За таа цел, придонесот од засегнатите страни беше од непроценлива вредност во обликувањето на Стратегијата, чија задача е да го одрази влијанието на примената на Законот врз животите на граѓаните и на контролорите во Република Северна Македонија и да промовира подобри резултати на приватно и на професионално ниво, без притоа да биде направен компромис за ниту една страна.

Исто така, треба да се земе предвид дека Стратегијата е динамичен документ и доколку е потребно, таа може да се измени или да се приспособи на новонастанатите ситуации кои може да произлезат од секојдневниот напредок во технологијата, промени во законодавството или други активности што би можеле да влијаат врз предвидените цели, претпоставки, ресурси и засегнати страни.

Во процесот на изработка како основа ги зедовме претходните стратегии за заштита на личните податоци, извештаите за напредокот на Република Северна Македонија на Европската комисија, како и насоките содржани во Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии.[1] Во тој контекст се изработи анализа за предности, слабости, можности и закани (SWOT), која ги сумира оцените од сегашната состојба на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија:

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| • **Солидна правна рамка:** АЗЛП работи во сеопфатна правна рамка која во голема мера е во согласност со законодавството на ЕУ.<br>• **Ефикасна соработка и вмрежување:** Соработката помеѓу ОЗЛП е од значајна предност. Вмрежувањето кое е специфично за секторите, како на пример во случај со адвокатската комора и општините, дополнително ја подобрува нивната ефикасност.<br>• **Веб-страницата на АЗЛП, која е едноставна и лесна за корисниците:** Веб-страницата на АЗЛП обезбедува вредни ресурси и информации на достапен начин.<br>• **Искусни вработени на АЗЛП –** тим од искусни професионалци со експертиза за заштита на личните податоците и прашањата за приватноста. | • **Изолација на ОЗЛП:** ОЗЛП често работат изолирано во рамките на контролорите. Нивната улога често е погрешно сфатена, немаат доволно влијание врз прашањата за заштита на личните податоци и нивната независност не е доволна загарантирана.<br>• **Нецелосна имплементација:** Некои одредби од ЗЗЛП тешко се спроведуваат во практика. Премногу контролори не спроведуваат доволно мерки за заштита на личните податоци.<br>• **Неусогласеност на секторската легислатива која се однесува на прекршоците со ОРЗП:** Прекршочните санкции треба да бидат одвратувачки, ефективни и пропорционални, поради што е потребно да се изврши соодветно изменување на секторската легислатива која се однесува за прекршоците.<br>• **Директивата за спроведување на законот не е транспонирана:** Недостигот на национално законодавство кое би ја транспонирало директивата на ЕУ во областа на обработката на личните податоци од страна на органите за спроведување на законот, претставува голема пречка која треба да се реши што е можно поскоро.<br>• **Ниска јавна свест:** Многу граѓани не се свесни за постоењето на законодавство за заштита на личните податоци, за нивните права на ова поле и за начините на кои овие права може да се остварат. Ситуацијата е малку подобра кај државните органи, но има уште многу простор за подобрување.<br>• **Ограничени ресурси:** Буџетските ограничувања и намалениот број на вработени можат сериозно да ја попречат способноста на АЗЛП да се справи со зголемениот обем на предмети и ефикасно да ги извршува своите задачи и овластувања. |

1 „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 122/2022).

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
| --- | --- |
| • **Стекнати знаења и вештини:** ОЗЛП треба да поседуваат знаења и вештини за да можат самоуверено да се заложуваат за важноста на заштитата на личните податоци.<br>• **Соработка и споделување искуства:** Олеснување на комуникацијата помеѓу ОЗЛП и споделување на заемните искуства преку платформа за интероперабилност може да биде од корист за сите засегнати страни. Редовните состаноци на одредени теми може да ја зголемат довербата и да ги поттикнат пријавувањата за нарушување на безбедноста на личните податоци.<br>• **Проширување на обуките за ОЗЛП:** Зголемување на можностите за обучување на ОЗЛП ќе поттикне посилна култура за заштита на личните податоци.<br>• **Зајакнувањето на улогата на ОЗЛП:** Од суштинско значење е да се зацврстат положбата и независноста на ОЗЛП, вклучувајќи ја и нивната директна одговорност кон највисокото раководство.<br>• **Кампањи за подигнување на јавната свест:** Подигнувањето на свеста кај граѓаните и вработените во јавниот сектор ќе го подигне нивото на општото знаење за заштита на личните податоци и ќе создаде притисок врз контролорите за ефективно да ги спроведат практиките за заштита на личните податоци.<br>• **Свесност на раководството:** Од клучно значење е да се осигури дека највисокото раководство на контролорите го разбира законодавството за заштита на личните податоци.<br>• **Консултации со институциите:** Барањето придонес од институциите за прашања кои претставуваат предизвик може да доведе до подобра имплементација.<br>• **Финансиска независност и човечки ресурси:** Финансирањето и човечките ресурси се од витално значење за ефективно извршување на задачите и овластувањата на Агенцијата.<br>• **Оптимизација на веб-страницата:** Комуникацијата може да се подобри со подобрувањето на корисничкото искуство на веб-страницата, вклучувајќи ги стандардизираните формулари.<br>• **Прекугранична соработка:** Зајакнувањето на врските со надзорните органи за заштита на личните податоци и меѓународните организации може да ги подобри напорите за спроведување и да овозможи усогласеност со меѓународните практики. | • **Недостиг на хармонизација:** АЗЛП можеби ќе треба да работи во правна рамка каде што законите не се хармонизирани едни со други или не се усогласени со законодавството на ЕУ.<br>• **Недостиг на независност:** АЗЛП можеби ќе треба да продолжи да ги доставува своите одлуки за вработување до Министерството за финансии и други институции.<br>• **Ограничувања во однос на спроведување на законот:** Овластувања на АЗЛП за спроведување прекршочни санкции против прекршителите на одредбите од овој закон може да бидат неодвратувачки, неефективни и непропорционални.<br>• **Недонесување на измените на ЗЗЛП за олеснување на преносот на личните податоци,** што е од клучно значење за да се избегнат компликации и да се овозможи конкурентност на домашните контролори и обработувачи на пазарите во ЕУ и трети земји.<br>• **Предизвици што произлегуваат од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци:** Некои безбедносни правила утврдени од АЗЛП може да бидат непрактични за спроведување (на пр., месечни контроли на евиденцијата на авторизираниот пристап).<br>• **Оддалеченост од граѓаните и од ОЗЛП:** Недостигот на соодветни ресурси за да се одржува редовна комуникација може да резултира со намалена доверба. |

# 2. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2025-2030)

Имајќи го предвид погоре споменатото, се согласивме на следново:

- Мисија

Нашата **мисија** е да ги заштитиме правата на граѓаните промовирајќи култура на транспарентност и одговорност.

Стратегијата вклучува визија што ги дефинира стратешките приоритети:

- Визија

Нашата **визија** е да поттикнеме отворена и хармонизирана средина за заштита на личните податоци, да ја зајакнеме довербата на јавноста во практиките за заштита на личните податоци и проактивно да ги ангажираме засегнатите страни.

# 3. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Со цел да се исполнат мисијата и визијата, издвоивме четири најважни стратешки цели за нивно спроведување. Овие цели ги идентификуваат приоритетните области на дејствување каде што се справуваме со клучните предизвици во областа на заштитата на личните податоци:

- **Стратешка цел 1:** Целосна самостојност и независност на АЗЛП.
- **Стратешка цел 2:** Хармонизација на легислативата.
- **Стратешка цел 3:** Континуирано зголемување на културата на заштита на личните податоци.
- **Стратешка цел 4:** Спроведување на алатките за одговорност.

Подолу е дадено подетално објаснување на целите и активностите, додека во Прилогот ќе бидат дефинирани дејствата што се потребни за исполнување на целите, вклучувајќи и Акциски план со индикатори за мерење на резултатите.

## 3.1. Стратешка цел 1 – Целосна самостојност и независност на АЗЛП

> *Посакуван исход: Наш главен интерес е обезбедување АЗЛП да ги има сите неопходни ресурси за ефикасно и ефективно извршување на нејзините задачи и овластувања, со цел нагласување на нејзиното самостојно, независно и непристрасно функционирање како што е предвидено во ОРЗП.*

### Донесување закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци со цел обезбедување самостојност и независност на АЗЛП во управувањето со финансии и човечки ресурси

АЗЛП подготви предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци од причина што во Законот не се целосно имплементирани решенијата што ќе овозможат АЗЛП да ги има сите неопходни ресурси за ефикасно и ефективно извршување на нејзините задачи и овластувања. Со овие измени и дополнувања ќе се обезбеди целосна самостојност и независност во функционирањето на АЗЛП од аспект да може без влијание (мислења и одобрувања) од други институции да управува со ресурсите (човечки и финансиски).

Буџетските ограничувања и сериозно намалениот број на вработени може да ја попречат способноста на АЗЛП да ги извршува своите задачи и овластувања. Со донесувањето на подготвениот предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци ќе се овозможи да се создадат услови за обезбедување доволно финансиски средства за ефикасно и ефективно извршување на задачите и овластувањата на АЗЛП со цел гарантирање на нејзината самостојност и независност при располагањето со овие доделени средства.

### Зајакнување на капацитетите на АЗЛП

АЗЛП мора континуирано да работи на организирање обуки за јакнење на вештините на вработените. Свесни за интензивирањето на потребите во област која бара доста специфично знаење, вработените на АЗЛП треба да бидат подготвени кога станува збор за разбирање и спроведување супервизија врз новите технологии (на пр., имплементација на системи засновани на ВИ). АЗЛП треба да биде препознаена како институција која промовира саморазвиток и образување на вработените, место кое е предизвик за унапредување на вештините на вработените и каде што тие високо се вреднуваат и почитуваат.

Еден од важните елементи за постигнување целосна независност на АЗЛП е самостојното вработување на нови вработени со потребни квалификации, особено со ИТ-експертиза и знаење, како и активирање на процесот на унапредување на постојните вработени лица според планираните работни места.

### Измена на секторската легислатива која се однесува на прекршоците

Според ОРЗП, прекршочните санкции треба да бидат одвратувачки, ефективни и пропорционални, поради што е потребно да се изврши соодветно изменување на секторската легислатива која се однесува на прекршоците со цел зголемување на висината на глобите за физичките лица (одговорните и службените лица), како и коригирање на нормите што се однесуваат на застареноста на прекршочното гонење.

### За да се постигне оваа цел, АЗЛП ќе ги преземе следните дејства:

- Иницирање и промовирање на потребата од донесување закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци и негова целосна имплементација;
- Настојување за самостојно и независно располагање со доделените буџетски средства на АЗЛП;
- Едуцирање на вработените на АЗЛП со цел обезбедување соодветни и ажурирани знаења и вештини;
- Подобрување на технолошката предвидливост на АЗЛП за да се обезбеди дека АЗЛП е ефикасно опремена и подготвена да одговори на технолошките решенија што брзо се развиваат;
- Обезбедување нови вработувања во АЗЛП;
- Континуирано унапредување на вработените на АЗЛП;
- Иницирање и промовирање на потребата од донесување измени и дополнувања на секторската легислатива која се однесува на прекршоците и нивна целосна имплементација;
- Одвратувачко, ефективно и пропорционално применување на прекршочните санкции за да се создаде променето однесување и подобрена култура на усогласеност со заштитата на личните податоци од страна на контролорите и обработувачите.

## 3.2. Стратешка цел 2 – Хармонизација на легислативата

*Посакуван исход: Усогласеност со законодавството на ЕУ и постигнување на потребното ниво на усогласување на законодавството на различни сектори со ЗЗЛП.*

АЗЛП ја усвои Методологијата за хармонизација на секторската легислатива со ЗЗЛП, која содржи насоки со кои се регулира постапувањето на министерствата во процесите за хармонизација на секторската легислатива. Ова го опфаќа процесот на ревидирање на постојните закони, како и процесот на вршење процена на влијанието на законите во однос на заштитата на личните податоци при донесување нови закони. Но, обврската утврдена со ЗЗЛП за усогласување на другите закони кои се однесуваат на обработката на личните податоци со одредбите од ЗЗЛП сè уште не е целосно исполнета. Исто така, треба да се работи и на понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ преку целосно транспонирање на ОРЗП и на Директивата (ЕУ) 2016/680 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година за заштита на физички лица во однос на обработка на лични податоци од надлежни органи за целите на спречување, истраги, откривање или гонење кривични дела или извршување кривични санкции и за слободно движење на таквите податоци и за укинување на Рамковната одлука 2008/977/ПВР на Советот (Директива за спроведување на законот).

### Донесување закон за транспонирање на Директивата за спроведување на законот

Недостигот на национално законодавство кое би ја транспонирало Директивата на ЕУ во областа на обработката на личните податоци од страна на органите за спроведување на законот претставува сериозно прашање кое треба да се реши што е можно поскоро. Останува во претстојниот период да се донесе законот, со кој ќе се транспонира и Директивата за спроведување на законот, со цел да се заокружи нормативното усогласување со законодавството на ЕУ во оваа област.

### Усогласување на законите со законодавството на ЕУ во подрачјето на заштита на личните податоци

Законите и другите прописи со кои се уредува обработката на личните податоци мора да бидат усогласени со одредбите од ЗЗЛП и законодавството на ЕУ. Во тој контекст, АЗЛП им дава насоки на министерствата на кој начин и како да ја спроведат процената на влијанието на законите во однос на заштитата на личните податоци за да можат да ги опфатат и разработат прашањата поврзани со обработката на личните податоци.

Во рамките на усогласувањето со законодавството на ЕУ треба да се изврши и хармонизација на регулативата за преносот на личните податоци во насока на поедноставување на процесите за пренос на личните податоци, односно да се предложат нови олеснувачки мерки за контролорите и обработувачите со цел поедноставување на процесите на пренос на лични податоци во трети земји и меѓународни организации.

### Хармонизација на законодавството од аспект на процесите за дигитализација

Како дел од пошироката дигитална стратегија на ЕУ, донесени се или се во фаза на донесување неколку акти: Регулативата за е-приватност, Актот за ВИ, Актот за управување со податоци, Актот за податоци, Регулативата за европскиот простор за здравствени податоци, Актот за дигитални услуги, Актот за дигитални пазари, Директивата за безбедност на мрежата и информациите,

како и други акти кои мора да се рефлектираат, транспонираат и усогласат со националното законодавство, со цел целосно да се имплементираат новите стандарди и вредности кои се однесуваат и на личните податоци. Во тие рамки ќе треба да се преземат активности и за имплементирање на Рамковната конвенција за вештачка интелигенција и човекови права, демократија и владеење на правото на Советот на Европа, а по нејзиното ратификување од страна на Република Северна Македонија.

**За да се постигне оваа цел, АЗЛП ќе ги преземе следните дејства:**

- Иницирање и промовирање на потребата од донесување Закон за транспонирање на Директивата за спроведување на законот.
- Следење на предложените закони од страна на министерствата.
- Давање мислења за доставените закони.
- Давање консултации на доставени прописи.
- Објавување студии на случаи (case study) кои објаснуваат како се применува ЗЗЛП, како се утврдува неусогласеност со законот и како се применуваат корективните мерки.
- Донесување методологија за процена на влијанието при преносот на личните податоци.
- Промовирање на потребата за транспонирање на актите кои произлегуваат од дигиталната стратегија на ЕУ.
- Промовирање на потребата за имплементација на Рамковната конвенција за вештачка интелигенција и човекови права, демократија и владеење на правото на Советот на Европа.

## 3.3. Стратешка цел 3 – Континуирано зголемување на културата за заштита на личните податоци

*Посакуван исход: Контролорите од јавниот и приватниот сектор се информирани и одговорни (отчетни) за активностите во врска со заштитата на личните податоци, додека пак граѓаните подобро ги разбираат своите права за заштитата на личните податоци, знаат како самите да ги остварат тие права и во кои ситуации да се обратат до АЗЛП.*

АЗЛП е препознаена како промотор и заштитник на основните права и слободи при обработката на личните податоци. Но, покрај континуираните напори на АЗЛП и нејзините партнери за организирање и спроведување успешни програми и акции за подигнување на јавната свест, сè уште постои силна потреба за подигнување на нивото на свеста и едуцирање на граѓаните за важноста на заштитата на личните податоци, од една страна, и за подобрување на општата култура при обработката на личните податоци од страна на контролорите, обработувачите и корисниците, од друга страна. АЗЛП, исто така, континуирано негува меѓународна соработка со надзорните тела за заштита на личните податоци која придонесува за подобрување на културата за заштита на личните податоци, според европските вредности и стандарди.

## Зајакната соработка со надзорните тела за заштита на личните податоци и други меѓу-народни организации и тела

Меѓународната соработка е значајна заради создавање унифицирана практика по одредени прашања и помага во следење на мислењата, водичите и добрите практики на надзорните тела за заштита на личните податоци и другите меѓународни организации и тела. АЗЛП има статус на набљудувач на работата на Европскиот одбор за заштита на личните податоци при ЕУ, активно учествува на пленарните седници на Комитетот за Конвенцијата 108/81 на Советот на Европа, остварува регионална соработка со надзорните тела за заштита на личните податоци преку Иницијативата 20і7 и учествува на настани организирани од страна на други меѓународни организации и тела. Ефективното справување со меѓународните прашања од страна на АЗЛП ќе биде постигнато со поопсежни активности и развивање механизми за меѓународна соработка, подготовка на процедури за меѓународна правна помош и унапредување на односите со надзорните органи за заштита на личните податоци и со други меѓународни организации и тела.

## Континуирана соработка со јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор

Соработката со јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор е од суштинско значење за создавање цврста рамка за заштита на личните податоци која одговара на потребите на општеството, истовремено обезбедувајќи одговорност и транспарентност во практиките за обработка на личните податоци. Правото на заштита на личните податоци не е „изолирано" право, туку има и многу други сродни права кои се комплементарни и често е потребно да се изврши нивно балансирање.

Оттука, во рамките на оваа соработка, посебен фокус ќе биде ставен на зајакнување на соработката со контролорите од јавниот сектор преку организирање работилници, состаноци, координативни средби и обуки за највисокото раководство, ОЗЛП, како и вработените во јавниот сектор, а со цел да се зголеми ефикасноста на промовирање на комплексноста на уставно загарантираните права со воспоставување усогласена легислатива во однос на заштитата на личните податоци.

Иако основната надлежност на АЗЛП е да врши надзор над законитоста на обработката на личните податоци на физички лица, таа има и превентивна улога во насока на развивање на свесноста за правото на заштита на личните податоци.

Во многу случаи субјектите на личните податоци не се доволно информирани за своите права, односно како да ги остварат тие права. Во таа насока и здруженијата на граѓаните (граѓанскиот сектор) имаат голема улога во однос на информирањето и едукацијата за правото на заштита на личните податоци, како и правото на приватност. Тие поседуваат специјализирано знаење и експертиза за специфични прашања за заштита на личните податоци и играат витална улога во подигнувањето на јавната свест за правата и прашањата поврзани со заштитата на личните податоци. АЗЛП ќе ја продолжи својата соработка и размена на искуства со здруженијата на граѓаните, како и соработката со контролорите од приватниот сектор, а преку организирање заеднички настани и состаноци.

### Обуки за заштита на личните податоци

Една од задачите на АЗЛП е вршење обуки за заштита на личните податоци, со цел сите чинители (ОЗЛП, контролорите, обработувачите и др.) кои обработуваат лични податоци да го прават тоа на транспарентен, правичен и законит начин. Со подобрување на квалитетот на обуките и генерално подигнување на нивото на нивното спроведување, АЗЛП ќе помогне во едуцирањето на сите чинители за мерките што можат да ги преземат за подобра заштита на личните податоци во секојдневната работа.

### Зголемување на транспарентноста и поголема видливост на АЗЛП

АЗЛП континуирано работи на подигнувањето на свеста кое ќе го подигне нивото на општото знаење за заштита на личните податоци со цел контролорите/обработувачите ефективно да ги спроведат практиките за заштита на личните податоци. Вработените од АЗЛП редовно одржуваат состаноци и средби со засегнатите страни и секојдневно комуницираат со граѓаните кои сакаат да се информираат за своите права во однос на заштитата на личните податоци. АЗЛП има настапи во медиумите (печат, радио, ТВ, интернет-платформи), спроведување активности во основните и средните училишта со предавања за важноста на приватноста и безбедноста на интернет, а организира и настани во кои ги промовира материјалите за подигнување на свеста на граѓаните. Промотивните активности што ја зголемуваат транспарентноста на работата на АЗЛП и ја подобруваат комуникацијата со засегнатите страни треба да се зачестат, а со тоа и редовното информирање на јавноста, користење на материјалите што се објавени на веб-страницата на АЗЛП, работењето со ранливите групи граѓани итн.

### За да се постигне оваа цел, АЗЛП ќе ги преземе следните дејства:

- Соработка со стручни лица од областа на заштита на личните податоци од други надзорни органи за заштита на личните податоци, меѓународни организации и тела.
- Соработка со Европскиот одбор за заштита на личните податоци за следење на правилата за заштита на лични податоци кои влијаат врз хармонизирано применување на ОРЗП.
- Соработка и комуникација со надзорните органи за заштита на личните податоци во случаи кога се работи за итни прашања.
- Зголемување на бројот на обуки за заштита на личните податоци.
- Организирање настани и состаноци со контролорите и обработувачите за да се промовира култура на отвореност, доверба и усогласеност со прописите за заштита на личните податоци.
- Организирање работилници и одржување обуки со контролорите од јавниот сектор за воспоставување легислатива усогласена со прописите за заштита на личните податоци.
- Објавување насоки и информатори до граѓаните, вклучително и за ранливите групи (возрасни лица, деца) за да се унапреди разбирањето на ЗЗЛП со цел да ја зголемат контролата врз сопствените лични податоци.
- Подобрување на корисничкото искуство на веб-страницата на АЗЛП, вклучувајќи ги стандардизираните форми на објавување информативни содржини.

## 3.4. Стратешка цел 4 – Спроведување на алатките за одговорност

> *Посакуван исход: Контролорите да имаат дизајнирано системи за обработка на личните податоци според принципот на техничка и интегрирана заштита на личните податоци со цел да демонстрираат и да докажат дека се усогласени со прописите за заштита на личните податоци.*

Како што технологијата сè повеќе се развива, така се зголемува и брзиот раст на квантитетот на обработени податоци, а со тоа и ризикот за обработката на личните податоци. АЗЛП ќе ги поддржи контролорите и обработувачите во исполнувањето на основните принципи и барања од ЗЗЛП во нивните активности за обработка на личните податоци и деловните практики. Преку нудење широк спектар на техники и алатки за ефикасно спроведување на принципите за заштита на личните податоци и заштита на индивидуалните права, контролорите/обработувачите се поттикнуваат да спроведат систем кој е усогласен со одредбите од ЗЗЛП.

### Подобрување на алатките за отчетност за унапредување на усогласеноста на контролорите

Алатките за отчетност за заштита на личните податоци се клучни за контролорите бидејќи помагаат да се обезбеди усогласеност со ЗЗЛП. Овие алатки, како што е техничка и интегрирана заштита на личните податоци, процена на влијанието врз заштитата на личните податоци, определување на ОЗЛП, задолжителни корпоративни правила итн., им овозможуваат на контролорите да докажат дека активно управуваат со ризиците за обработка на личните податоци. Ова ја поттикнува довербата кај граѓаните, ги намалува ризиците и промовира култура на заштита на личните податоци кај контролорите. Алатките за отчетност им помагаат на контролорите при усогласувањето со прописите за заштита на личните податоци, но, исто така, ги подобруваат нивните практики за управување со личните податоци.

### Сертификација и кодекси на однесување

Една од најефикасните алатки за да се постигне усогласеност на контролорите и обработувачите со прописите за заштита на личните податоци е сертификација на нивниот систем на обработка на личните податоци. Со овој проактивен пристап може да се намалат голем број ризици кај контролорите/обработувачите и, исто така, може да биде поддржана ефективната употреба на ресурсите на АЗЛП. Во многу земји, клучни сектори што опфаќаат голем број контролори и обработувачи имаат подготвено кодекси на однесување за да ги постават стандардите во областа за заштитата на личните податоци и приватноста. Ова е еден вид саморегулирање, со одредена контрола (одобрување на кодексите) од страна на АЗЛП, обезбедување усогласеност на контролорите/обработувачите, а исто така и за поголема заштита на субјектите на личните податоци.

### Вмрежување на ОЗЛП

ОЗЛП сè уште немаат доволно влијание врз прашањата за заштита на личните податоци и нивната независност кај контролорот не е доволно загарантирана. Поради тоа, потребно е јакнење на нивната положба и улога кај контролорите преку нивно континуирано обучување, но и преку подигнување на свеста на највисокото раководство за важноста на усогласување

со прописите за заштита на личните податоци. За целите на соработка и размена на искуства меѓу ОЗЛП, треба да ги искористат можностите од мрежата на ОЗЛП. Со оглед на важноста на меѓусебната интеракција, а особено важноста на споделувањето добри практики и совети, мрежата е корисна алатка за подобро информирање и ефикасна работа на ОЗЛП. Пожелно е во рамките на мрежата да се формираат посебни групи на ниво на сектори за давање совети и размена на ставови за вообичаени прашања и проблеми. ОЗЛП треба да следат обуки за заштита на личните податоци и да користат алатки за самоподобрување.

### Активности за подобрување на положбата на ОЗЛП

Фактот дека ОЗЛП често работат изолирано во рамките на контролорите и нивната улога често е погрешно сфатен. За да се зајакне нивната независност на работното место, АЗЛП треба да спроведува супервизии со кои, исто така, се проверува и нивната положба и ефикасноста на спроведувањето на нивните законски утврдени должности. Супервизиите треба да потврдат дали ОЗЛП кај контролорот е на соодветен начин и навремено вклучен во сите прашања поврзани со заштитата на личните податоци, дали му е обезбедена поддршка и ресурси при извршувањето на работните задачи, дали контролорот работи на одржување на неговото стручно знаење итн.

### За да се постигне оваа цел, АЗЛП ќе ги преземе следните дејства:

- Промовирање на алатките за отчетност и донесување документи за нивно практично реализирање од страна на контролорите;
- Донесување документи за сертификација и кодекси на однесување;
- Одржување консултации, состаноци и тркалезни маси поврзани со сертификација и кодекси на однесување;
- Активно следење на кодекси на однесување и сертификати за да се овозможи најдобрата секторска практика и докажлива усогласеност во активностите за обработка на личните податоци;
- Развивање обуки за ОЗЛП и нивна сертификација;
- Активирање и промовирање на мрежата на ОЗЛП;
- Организирање состаноци и тркалезни маси од страна на АЗЛП за подобра комуникација со ОЗЛП и нивно информирање за дилемите што ги имаат со усогласување со прописите за заштита на личните податоци;
- Промовирање на потребата за користење на веб-платформата е-училница од страна на ОЗЛП;
- Спроведување супервизии за положбата на ОЗЛП во рамките на контролорите и водење статистика во однос на наодите од тие супервизии.

# 4. СТРАТЕШКА МАПА ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2030

Стратешката мапа подолу ги резимира сите стратешки цели што ги дефиниравме за следниот период.

Постојат неколку активности дефинирани за секоја од целите, идентификување на сите неопходни чекори што треба да се направат од постојниот статус до посакуваната идна состојба.

Стратешките цели може да се ревидираат тековно, во согласност со новонастанатите ситуации со цел да се обезбеди флексибилност на Стратегијата.

Исто така, активностите треба редовно да се ревидираат, земајќи ја предвид нивната временска рамка.

## СТРАТЕШКА МАПА

<table>
<tr><td rowspan="2">Спроведување на правото за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија (2025-2030)</td><td colspan="3">Нашата мисија е да ги заштитиме правата на граѓаните, промовирајќи култура на транспарентност и одговорност.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Нашата визија е да поттикнеме отворена и хармонизирана средина за заштита на личните податоци, да ја зајакнеме довербата на јавноста во практиките за заштита на личните податоци и проактивно да ги ангажираме засегнатите страни.</td></tr>
<tr><td colspan="4">ФИЗИЧКИ ЛИЦА</td></tr>
<tr><td colspan="4">КОНТИНУИРАНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ</td></tr>
<tr><td>Зајакната меѓународна соработка</td><td>Континуирана соработка со јавен, приватен и граѓански сектор</td><td>Обуки за заштита на личните податоци</td><td>Зголемување на транспарентноста и видливоста на АЗЛП</td></tr>
<tr><td colspan="4">КОНТРОЛОРИ</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДУВАЊЕ НА АЛАТКИТЕ ЗА ОДГОВОРНОСТ</td></tr>
<tr><td>Промовирање на алатките за отчетност и донесување документи за нивно практично реализирање од страна на контролорите</td><td>Сертификација и кодекси на однесување</td><td>Вмрежување на ОЗЛП</td><td>Активности за подобрување на положбата на ОЗЛП</td></tr>
</table>

# 5. СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА НАПРЕДОКОТ НА СТРАТЕГИЈАТА

Еден од факторите за успех при управувањето со Стратегијата е редовно мерење/следење на напредокот на имплементацијата на целите и задачите.

Со цел да се следи овој напредок, дефиниран е збир на индикатори, поврзани со хиерархијата на стратешките цели и активностите.

- Клучни индикатори на изведба на ниво на стратешките општи и конкретни цели.
- Перформанси или оперативни индикатори, критериуми за успех на ниво на активности.

Во табелата, која ги сумира стратешките цели, исто така се дефинирани и задачите, активностите на предложените индикатори/фактори за успех. Почетната и крајната вредност на индикаторите ќе бидат утврдени по утврдување на дефиницијата и изворите на податоци на индикаторите. Вредноста на индикаторите ќе се мери на годишно ниво. Врз основа на резултатите, вредностите на целите ќе бидат ажурирани, доколку е потребно.

Исто така, АЗЛП ќе создаде механизми за соработка со клучните институции во следење на напредокот на Стратегијата, а особено со Министерството за правда, Министерството за јавна администрација, Министерството за финансии и Министерството за дигитална трансформација, имајќи предвид дека остварувањето на стратешките цели не зависи од АЗЛП, туку и од стратешките приоритети на овие институции.

## 5.1. Предложен начин на следење на спроведувањето на Стратегијата

Разработувањето на Стратегијата за спроведување на правото за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија (2025-2030) е системска работа, заснована на дефинирање на мисијата на Стратегијата и завршува со креирање на Акцискиот план со цел реализирање на визијата. Со спроведување на елементите од Акцискиот план ќе бидат исполнети активностите, а збирот на исполнети активности ќе резултира со постигнување на стратешките цели. Со тоа се очекува дека визијата ќе се реализира и дека мисијата на Стратегијата ќе биде исполнета.

За ефикасно следење на спроведувањето на Стратегијата, АЗЛП мора да провери дали активностите се имплементирани и дали со тоа стратешките цели се исполнети или не. За акциското ниво треба да се дефинираат едноставни, лесно мерливи КИУ, за да се измери вистинското ниво на напредокот кон целта.

Во следното поглавје го опишуваме системот на КИУ и предлагаме метод за оценување на резултатите.

## 5.2. Предложен систем на КИУ

При разработување на Стратегијата е дефиниран збир на КИУ за мерење на нивото на исполнување на стратешките цели и активности. Во табелата подолу даваме дефиниција, опис и начин на мерење на дадениот КИУ.

- Активностите може да се сметаат за „исполнети" ако поврзаниот КИУ ја исполнува целната вредност, го покажува потребниот развој преку процент (%), бројка или Да/Не индикатор.
- Стратешките цели можат да се сметаат за „исполнети" ако сите задачи што им припаѓаат се исполнети.

Практично имаме две категории КИУ:

- Квантитативни КИУ, кои ја покажуваат апсолутната бројка или процентот на исполнетост од вкупниот број, што е релевантен од гледна точка на дадената активност. Многу е важно овој КИУ да се заснова врз објективна пресметка на фактичките податоци. Затоа овие КИУ се поврзани со бази на податоци/регистри кои веќе се достапни на АЗЛП.
- КИУ засновани на настани/случувања (од типот Да/Не), кои го покажуваат успехот на збир на дејства насочени кон едно прашање (на пример, одлуката за донесување на Директивата за спроведување на законот).

## ПРЕДЛОЖЕНИ КИУ

Во табелата подолу ги даваме најважните информации за КИУ, дефинирани во Акцискиот план за секоја од активностите:

### СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: Целосна самостојност и независност на АЗЛП

| Активност 1: Донесување закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци со цел обезбедување самостојност и независност на АЗЛП во управувањето со финансиите и човечките ресурси | | |
|---|---|---|
| **КИУ** | **Временски рок** | **Резултат/статус** |
| Донесување закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци | Последен квартал на 2025 - прв квартал на 2026 | Да/Не |
| % од искористени средства за вработување | 2025 - континуирано | процент |
| % од искористени средства за унапредување на вработените | 2025 - континуирано | процент |
| % од искористени средства за усовршување на вработените | 2025 - континуирано | процент |
| % од искористени средства за наградување на вработените | 2025 - континуирано | процент |
| **Активност 2: Зајакнување на капацитетите на АЗЛП** | | |
| **КИУ** | **Временски рок** | **Резултат/статус** |
| Број на нови вработувања | 2025 - континуирано | Бројка |
| Број на унапредувања на вработените | 2025 - континуирано | Бројка |
| Број на обуки по вработен | 2025 - континуирано | Бројка |
| Број на набавена нова хардверска и софтверска опрема | 2025 - континуирано | Бројка |
| % на апликативни софтвери (системи) префрлени во облак (cloud) | 2025 - континуирано | процент |
| **Активност 3: Измена на секторската легислатива која се однесува на прекршоците** | | |
| **КИУ** | **Временски рок** | **Резултат/статус** |
| Донесени измени и дополнување на секторската легислатива за прекршоците | Последен квартал 2025 – прв квартал 2026 | Да/Не |
| Број на поднесени барања за поведување прекршочна постапка | 2025 - континуирано | Бројка |
| Број на изречени прекршочни санкции | 2025 - континуирано | Бројка |
| Број на извршени прекршочни санкции | 2025 - континуирано | Бројка |

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Хармонизација на легислативата

| Активност 1: Донесување закон за транспонирање на Директивата за спроведување на законот | | |
|---|---|---|
| **КИУ** | **Временски рок** | **Резултат/статус** |
| Донесување закон за транспонирање на Директивата за спроведување на законот | Последен квартал 2025 – прв квартал 2026 | Да/Не |

| Активност 2: Усогласување на законите со законодавството на ЕУ во подрачјето на заштитата на личните податоци | | |
|---|---|---|
| **КИУ** | **Временски рок** | **Резултат/статус** |
| % од годишната програма на Владата за закони усогласени со ЗЗЛП | 2025 – континуирано | % |
| % од годишната програма на Владата за закони усогласени со Директивата за спроведување на законот | 2025 - континуирано | % |
| Број на побарани мислења за прописи | 2025 - континуирано | Бројка |
| Број на побарани консултации за прописи | 2025 - континуирано | Бројка |
| Број на прописи што имаат изработени процени според методологијата за хармонизација на секторската легислатива | 2025 - континуирано | Бројка |
| Број на доставени процени на влијанието при пренос на лични податоци | 2025 - континуирано | Бројка |
| Донесување методологија за процена на влијанието при пренос на лични податоци | Втор квартал на 2026 | Да/Не |

| Активност 3: Хармонизација на законодавството од аспект на процесите за дигитализација | | |
|---|---|---|
| **КИУ** | **Временски рок** | **Резултат/статус** |
| Број на донесени закони за транспонирање на дигиталниот пакет | 2025 - континуирано | Бројка |
| Број на одржани консултации за дигиталниот пакет | 2025 - континуирано | Бројка |
| Донесени упатства, насоки, интерни документи со кои се разработуваат прашања од дигиталниот пакет | 2025 - континуирано | Бројка |

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: Континуирано зголемување на културата на заштита на личните податоци

| Активност 1: Зајакната соработка со надзорните тела за заштита на личните податоци и други меѓународни организации и тела | | |
|---|---|---|
| **КИУ** | **Временски рок** | **Резултат/статус** |
| Број на активности | Континуирано | Бројка |
| Број на учесници на активностите од АЗЛП | Континуирано | Бројка |
| Активност 2: Континуирана соработка со јавниот, приватниот сектор и граѓанскиот сектор | | |
| **КИУ** | **Временски рок** | **Резултат/статус** |
| Број на организирани настани со засегнатите страни | Континуирано | Бројка |
| Број на учесници на настаните | Континуирано | Бројка |
| Број на склучени меморандуми | Континуирано | Бројка |
| Објавување на материјали (брошури, информатори) | Континуирано | Бројка |
| % поднесени барања од граѓаните во електронска форма | Континуирано | % |
| Активност 3: Обуки за заштита на личните податоци | | |
| **КИУ** | **Временски рок** | **Резултат/статус** |
| Број на обуки за контролорите | Континуирано | Бројка |
| Број на обуки за вработените | Континуирано | Бројка |
| Број на регистрирани учесници за обука на е-училница | Континуирано | Бројка |
| Број на лица со успешно помината обука на е-училница | Континуирано | Бројка |
| Активност 4: Зголемување на транспарентноста и поголема видливост на АЗЛП | | |
| **КИУ** | **Временски рок** | **Резултат/статус** |
| Број на состаноци со засегнати страни | Континуирано | Бројка |
| Број на физички лица што учествувале на состаноците | Континуирано | Бројка |
| Број на јавни настапи во медиумите (печат, ТВ, интернет, радио) | Континуирано | Бројка |
| Број на промотивни активности (анкети, спроведување кампањи) | Континуирано | Бројка |
| Број на посетители на веб-страницата | Континуирано | Бројка |
| Број на објавени материјали на веб-страницата | Континуирано | Бројка |
| Број на јавни настани на кои учествувале вработените на АЗЛП | Континуирано | Бројка |
| Број на учесници од АЗЛП на јавни настани | Континуирано | Бројка |
| Прес клипинг | Континуирано | Бројка |

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4: Спроведување на алатките за одговорност

| Активност 1: Подобрување на алатките за отчетност за унапредување на усогласеноста на контролорите и обработувачите | | |
|---|---|---|
| **КИУ** | **Временски рок** | **Резултат/статус** |
| Број на донесени документи за промовирање на алатките за отчетност | 2026- континуирано | Бројка |
| **Активност 2: Сертификација и кодекси на однесување** | | |
| **КИУ** | **Временски рок** | **Резултат/статус** |
| Број на консултации, тркалезни маси, билатерални состаноци поврзани со сертификација и кодекси на однесување | Континуирано | Бројка |
| Донесени документи за сертификација и кодекси на однесување | 2027 - континуирано | Бројка |
| Број на обуки за ОЗЛП при процесите на сертификација | 2028 - континуирано | Бројка |
| **Активност 3: Вмрежување на ОЗЛП** | | |
| **КИУ** | **Временски рок** | **Резултат/статус** |
| Воспоставена мрежа на ОЗЛП | 2026 | Да/Не |
| Број на активности спроведени во мрежата | 2026 - континуирано | Бројка |
| Број на контролори што известиле дека определиле ОЗЛП | Континуирано | Бројка |
| **Активност 4: Активности за подобрување на положбата на ОЗЛП** | | |
| **КИУ** | **Временски рок** | **Резултат/статус** |
| % на контролни супервизии од вкупниот број спроведени супервизии (редовни и вонредни) | Континуирано | % |
| % од резултатите на спроведени анкети за улогата, одговорностите и задачите на ОЗЛП | 2025 - континуирано | % |